ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:30-165/12

Дата: 29.12.2011

**ДО**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на наменската сметка (789) Сметка за солидарност на Општина Дојран за 2010 година.

Не е вршено ревизија на оваа сметка за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

На крајот на 2010 година, од постојаната резерва во Буџетот на Република Македонија како парична помош за санирање на штети од елементарни непогоди на Општина Дојран се одобрени средства во вкупен износ од 3,198 илјади денари од кои:

- за санирање на штети од земјотреси износ од 854 илјади денари и
- за санирање на штети од елементарна непогода-врнежи од град износ од 2,355 илјади денари.

Средствата се пренесени на оваа сметка на крајот на декември 2010 година. Исплатата е извршена на почетокот на 2011 година, врз основа на списоци по одделни баратели изготвени од страна на Комисија за проценка на штета.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење без резерва.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________ ____________________

2. ____________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на наменската сметка (789) Сметка за солидарност на Општина Дојран, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија на финансиските извештаи на оваа сметка за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Глигор Чабулев - градоначалник на Општина Дојран во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на наменската сметка (789) Сметка на солидарност на Општина Дојран се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија, и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како

релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 10.10.2011 година, кај Општина Дојран на наменската сметката (789) Сметка за солидарност од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на наменската сметка (789) – Сметка за солидарност, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, на наменската сметка (789) – Сметка за солидарност на Општина Дојран, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 26.12.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 3.198 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 10 | 3.727 |
| **Вкупно приходи** | | **3.208** | **3.727** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 3.717 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **0** | **3.717** |
| **Вкупно расходи** | | **0** | **3.717** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3.208** | **10** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3.208 | 10 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.208** | **10** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **3.208** | **10** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 3.208 | 10 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **3.208** | **10** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **3.208** | **10** |